# ГЛАСИЛО
# GAZETË

Декември 2025
Dhjetor 2025




**ЗЕЛС**
**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**BNJVL**
**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**



Почитувани,

По локалните избори спроведени во периодот ноември – декември 2025 година, ЗЕЛС, во согласност со Статутот, односно не подоцна од три месеци, ја одржа конститутивната седница на највисокото тело на Заедницата – Генералното собрание на ЗЕЛС. На оваа седница делегатите го утврдија составот на Управниот одбор и на Надзорниот одбор, кои пак на своите конститутивни седници го избраа своето раководство. Управниот одбор на ЗЕЛС за претседател го избра Орце Ѓорѓиевски, градоначалник на Град Скопје, кој оваа функција ќе ја извршува по вторпат, а за потпретседатели на ЗЕЛС беа избрани: Изет Меџити, градоначалник на Општина Чаир и Горан Герасимовски, градоначалник на Општина Центар. Претседателот на Управниот одбор на ЗЕЛС и потпретседателите на Управниот одбор на ЗЕЛС, според Статутот на Заедницата, воедно го претставуваат и новото претседателство на ЗЕЛС. Надзорниот одбор на ЗЕЛС, на својата конститутивна седница, за претседател го избра градоначалникот на Општина Прилеп, Дејан Продановски. Поради сложеноста на постапката за избор на осумте членови (од вкупно 9 члена) на Комитетот на советите при ЗЕЛС, делегатите на Генералното собрание донесоа одлука со која еднократно го овластија Управниот одбор, во име на Генералното собрание, на некоја од своите следни седници да донесе одлука за утврдување на составот на членовите на ова тело.

На седницата на Генералното собрание се обрати претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, кој искажа длабоко убедување дека токму во овој мандат 2025 – 2029 година ЗЕЛС ќе остави значаен белег во реформирањето и унапредувањето на локалната самоуправа во земјава и во процесот на продлабочување на децентрализацијата на власта. Генералното собрание на ЗЕЛС ги разгледа и ги усвои: Финансискиот план и Акцискиот план на ЗЕЛС за 2026 година, но и новиот Предлог-стратегиски план на ЗЕЛС за 2026 – 2030 година. ЗЕЛС, традиционално по шести пат, подготви „Прирачник, водич низ надлежностите за новоизбраните градоначалници и членовите на советите на општините, 2025 – 2029" и во електронска форма го достави до сите локални функционери.

Во текот на декември, ЗЕЛС во соработка со Министерството за транспорт отвори нов циклус за лиценцирање на административните службеници од општините за водење постапка за отуѓување и давање под закуп на државно градежно земјиште. Во ЗЕЛС тренинг центарот, на 10 и 11 декември 2025 година, беше организирана почетна обука, по што ќе биде организирано и полагање на испитот .

Распределбата на средствата за блок дотациите за општините, за основно и за средно образование, за следната 2026 година, ќе се врши според новите методологии, донесени на крајот на јули, минатата година. ЗЕЛС активно учествуваше со свои ставови и предлози при креирањето на двете предлог-формули. Со цел општините подетално да се запознаат како понатаму добиените средства треба да ги распределат по своите училишта, беа организирани соодветни обуки за претставниците од општинската администрација, каде ЗЕЛС повторно даде соодветна поддршка во координацијата со општините.

Со почит,

Душица Перишиќ,
извршен директор на ЗЕЛС

Të nderuar,

Pas zgjedhjeve lokale që u zbatuan në periudhën nëntor-dhjetor 2025, BNJVL, në përputhje me Statutin, jo më vonë se tre muaj, mbajti seancën konstituive të trupit më të lartë të Bashkësisë-Kuvendi Gjeneral i BNJVL-së. Në këtë seancë, delegatët përcaktuan përbërjen e Bordit Drejtues dhe të Bordit Mbikëqyrës, të cilët në seancat e tyre konstituive zgjodhën kryesitë e tyre. Bordi Drejtues i BNJVL-së zgjodhi për kryetar të tij Orce Gjorgjievskin, kryetar i Qytetit të Shkupit, i cili do ta ushtrojë këtë funksion për herë të dytë, ndërsa për nënkryetarë të BNJVL-së u zgjodhën: Izet Mexhiti, kryetar i Komunës së Çairit dhe Goran Gerasimovski, kryetar i Komunës Qendër. Kryetari i Bordit Drejtues të BNJVL-së dhe nënkryetarët e Bordit Drejtues të BNJVL-së, sipas Statutit të Bashkësisë, përfaqësojnë gjithashtu presidencën e re të BNJVL-së. Bordi Mbikëqyrës i BNJVL-së, në seancën e tij konstituive zgjodhi për president kryetarin e Komunës së Prilepit, Dejan Prodanoski. Për shkak të kompleksitetit të procedurës për zgjedhjen e tetë anëtarëve (nga gjithsej 9 anëtarë) të Komitetit të këshillave pranë BNJVL-së, delegatët e Kuvendit Gjeneral morën vendim me të cilin autorizuan në mënyrë të njëhershme Bordin Drejtues, në emër të Kuvendit Gjeneral, që në ndonjë nga seancat e tij të ardhshme të marrë vendim për përcaktimin e përbërjes së anëtarëve të këtij trupi.

Në seancën e Kuvendit Gjeneral foli kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski, i cili shprehu bindjen e tij të thellë se pikërisht në këtë mandat 2025-2029, BNJVL do të lërë një shenjë të rëndësishme në reformimin dhe avancimin e vetëqeverisjes lokale në vend dhe në procesin e thellimit të decentralizimit të pushtetit. Kuvendi Gjeneral i BNJVL-së shqyrtoi dhe miratoi: Planin Financiar dhe Planin Aksionar të BNJVL-së për vitin 2026, por edhe propozimin e ri të Planit Strategjik të BNJVL-së për periudhën 2026-2030. BNJVL, tradicionalisht për herë të gjashtë, përgatiti "Doracakun, udhëzues drejt kompetencave për kryetarët e sapozgjedhur të komunave dhe anëtarët e këshillave të komunave 2025-2029" dhe e dërgoi atë në formë elektronike deri te të gjithë funksionarët lokalë për periudhën 2025-2029.

Gjatë muajit dhjetor, BNJVL në bashkëpunim me Ministrinë e Transportit hapi një cikël të ri për licencimin e nëpunësve administrativë nga komunat për udhëheqjen e procedurave për tjetërsimin dhe dhënien me qira të tokës ndërtimore shtetërore. Në Qendrën e Trajnimeve të BNJVL-së, më 10 dhe 11 dhjetor 2025, u organizua një trajnim fillestar, pas të cilit do të organizohet edhe kalimi i provimit.

Shpërndarja e mjeteve për bllok dotacionet për komunat, për arsimin fillor dhe të mesëm, për vitin 2026, do të bëhet sipas metodologjive të reja, të miratuara në fund të muajit korrik, vitin e kaluar. BNJVL aktivisht mori pjesë me qëndrimet dhe propozimet e saj në krijimin e dy propozim-formulave. Me qëllim që komunat të informohen në mënyrë më të detajuar se si duhet të shpërndajnë më tej mjetet e fituara në shkollat e tyre, u organizuan trajnime përkatëse për përfaqësuesit e administratës komunale, ku BNJVL-ja përsëri dha mbështetje të duhur në koordinimin me komunat.

Me respekt,

Dushica Perishiq ,
Drejtoreshë ekzekutive e BNJVL-së


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
тел. +389 (0) 2 30 99 033
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ
**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема Мехмети
**Подготвила:** Весна Арсовска-Динковска
**Превод:** Славе Чорбев
**Лекторирал:** Валентина Великова
**Дизајн и подготовка:** Никола Тодоровски, Карина Доневска

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
tel. +389 (0) 2 30 99 033
rr. Kopenhagenska nr. 5, F.P. 32,
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq
**Zëvendës drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema Mehmeti
**Përgatiti:** Vesna Arsovska-Dinkovska
**Përkthim:** Sllave Çorbev
**Lektoron:** Valentina Velikova
**Dizajnim dhe përgatitje:** Nikola Todorovski, Karina Donevska




## ОТВОРЕН НОВ ЦИКЛУС ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО ОВЛАСТУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ОД ОПШТИНИТЕ ЗА ВОДЕЊЕ ПОСТАПКА ЗА ОТУЃУВАЊЕ И ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ДРЖАВНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Во ЗЕЛС тренинг центарот, на 10 и 11 декември 2025 година, беше организирана почетна обука за стекнување со овластување за водење постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште во државна сопственост, согласно со членот 108 од Законот за градежно земјиште. Со тоа ЗЕЛС, во соработка со Министерството за транспорт, отвори нов циклус за стекнување со оваа лиценца, наменета за претставниците од единиците на локалната самоуправа, од редот на раководните или стручните административни службеници од соодветната област. Со стапувањето на сила на измените во Законот за градежно земјиште, од 1 мај 2020 година, општините се исклучиво надлежни да располагаат со државното градежно земјиште што се наоѓа на нивната територија, па затоа доколку не располагаат со соодветен број лиценцирани службеници од оваа област, ќе се соочат со одредени пречки во спроведувањето на постапките поврзани со ова земјиште. Комисијата за следење на процесот на организирање и спроведување на обука и спроведување на испит за стекнување со овластување за водење постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште во државна сопственост го објави конкурсот на 24 ноември 2025 година, со цел општините

## U HAP CIKLI I RI PËR MARRJEN E AUTORIZIMIT TË NËPUNËSVE ADMINISTRATIVË NGA KOMUNAT PËR UDHËHEQJEN E PROCEDURËS SË TJETËRSIMIT DHE DHËNIES ME QIRA TË TOKËS NDËRTIMORE NË PRONËSI SHTETËRORE

Në Qendrën e Trajnimeve të BNJVL-së , më 10 dhe 11 dhjetor 2025, u organizua trajnim fillestar për marrjen e autorizimit për udhëheqjen e procedurës së tjetërsimit dhe dhënies me qira të tokës ndërtimore në pronësi shtetërore, në përputhje me nenin 108 të Ligjit për tokën ndërtimore. Me këtë, BNJVL, në bashkëpunim me Ministrinë e Transportit, hapi një cikël të ri për marrjen e kësaj licence, e dedikuar për përfaqësuesit e njësive të vetëqeverisjes lokale nga radhët e udhëheqësve ose nëpunësve profesionalë administrativë në fushën përkatëse. Me hyrjen në fuqi të ndryshimeve në Ligjin për tokën ndërtimore, nga 1 maji 2020, komunat janë ekskluzivisht përgjegjëse të menaxhojnë me tokën ndërtimore në pronësi shtetërore që ndodhet në territorin e tyre, prandaj nëse nuk kanë në dispozicion numrin e duhur të nëpunësve të licencuar të kësaj fushe, do të ballafaqohen me pengesa të caktuara në zbatimin e procedurave të lidhura me këtë tokë. Komisioni për ndjekjen e procesit të organizimit dhe zbatimit të trajnimit dhe zbatimit të provimit për marrjen e autorizimit për udhëheqjen e procedurës së tjetërsimit dhe dhënies me qira të tokës ndërtimore në pronësi shtetërore shpalli konkursin më 24 nëntor 2025, me qëllim që komunat të organizohen me kohë

навремено да се организираат и да ги пријават своите кандидати. Стручната служба на ЗЕЛС, по извршената проверка за исполнетост на условите за кандидатите, ги информираше пријавените за термините за следење на почетната обука.

Интересот за обуката беше голем и во двата дена ја проследија вкупно 112 учесници, за што добија и потврда за посета на почетна обука, без која не може да го полагаат испитот. Дел од учесниците беа претставници од локалната власт чии лиценци истекуваат во рок од пет години и имаат обврска да ја обноват лиценцата со повторно следење на целиот процес. Поточно, тие треба да ја следат почетната обука и потоа да полагаат испит, од причина што оваа материја е доста динамична и проследена со одредени измени во прописите, но истовремено и комплексна од аспект на имотноправните и другите постапки што треба да се спроведуваат. Некои од општините, пак, имаа потреба да испратат нови кандидати, бидејќи дел од лиценцираните службеници заминале во пензија или на друго работно место, со што се нарушил потребниот број на лиценцирани лица што општината задолжително треба да го има, во согласност со законските прописи.

Полагањето на теоретскиот и практичниот дел од испитот ќе се спроведува во групи од најмногу 15 лица, во просториите на Испитниот центар во зградата на Македонската радио-телевизија, Скопје. Услов за полагање на вториот дел од испитот е кандидатот да го положи теоретскиот дел од испитот. Испитните термини ќе бидат дополнително утврдени.

dhe t'i regjistrojnë kandidatët e tyre. Shërbimi profesional i BNJVL-së, pas kryerjes së verifikimit të përmbushjes së kushteve për kandidatët, i informoi kandidatët e regjistruar për terminët e ndjekjes së trajnimit fillestar.

Interesi për trajnimin ishte i madh dhe në të dy ditët u ndoq nga gjithsej 112 pjesëmarrës, për të cilën gjë morën edhe certifikatë për pjesëmarrje në trajnim fillestar, pa të cilën nuk mund të kalojnë provim. Disa nga pjesëmarrësit ishin përfaqësues të pushtetit lokal, licencat e të cilëve skadojnë brenda pesë vjetëve dhe kanë detyrimin ta rinovojnë atë, duke ndjekur të gjithë procesin. Më saktësisht, ata duhet ta ndjekin trajnimin fillestar dhe më pas të kalojnë provimin për arsye se kjo materi është mjaft dinamike dhe e shoqëruar me ndryshime të caktuara në rregulloret, por njëkohësisht komplekse nga aspekti i procedurave pronësore-juridike dhe procedurave të tjera që duhet të zbatohen. Disa nga komunat, nga ana tjetër, kishin nevojë të dërgonin kandidatë të rinj, sepse një pjesë e nëpunësve të licencuar kanë dalë në pension ose në një vend tjetër pune, duke e prishur numrin e nevojshëm të personave të licencuar që komuna duhet të ketë patjetër, në përputhje me rregulloret ligjore.

Pjesa teorike dhe praktike e provimit do të zbatohet në grupe prej më së shumti 15 personash, në hapësirat e Qendrës së provimeve në ndërtesën e Radio Televizionit të Maqedonisë, Shkup. Kusht për dhënien e pjesës së dytë të provimit është që kandidati të kalojë pjesën teorike të provimit. Terminët e provimeve do të caktohen në mënyrë shtesë.









## НЕОПХОДНА ФИНАНСИСКА СТАБИЛНОСТ НА ОПШТИНИТЕ – ЗАЛОЖБА НА ОПШТИНИТЕ ИЗНЕСЕНА НА ГОДИШНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА „ВИЗИЈА ЗА РЕФОРМИ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И ДОСТАПНИ УСЛУГИ ЗА ГРАЃАНИТЕ“

„Неопходно зголемување на ефикасноста и ефективноста во администрирањето на локалните даноци и такси и дигитализација на процесите на наплатата; реформа на данокот на имот и поттикнување на фискална автономија; реформа на блок дотациите и воведување на повеќегодишно програмирање; усогласување со европските стандарди и воведување на зелено буџетирање; подобрување и воведување на нови модели на распределба на капиталните трансфери; јакнење на административните капацитети и јакнење на регионалната и меѓуопштинска соработка“ се дел од препораките што беа нагласени во Извештајот од анализата на приходите и расходите на општините во 2024 година, презентиран на традиционалната годишна конференција за локалната власт, која се одржа на 11 декември 2025 година, во Скопје, во организација на Министерството за локална самоуправа во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП). На конференцијата беа поканети сите градоначалници, претставници од општинските совети и од општинската администрација, кои имаа можност да дискутираат на тема „Визија за реформи за одржлив развој и достапни услуги за граѓаните“ заедно со претставниците од централната власт и со други важни чинители од земјата и

## STABILITET I DOMOSDOSHËM FINANCIAR I KOMUNAVE - ZOTIM I KOMUNAVE I SHPREHUR NË KONFERENCËN VJETORE “VIZIONI PËR REFORMA PËR ZHVILLIM TË QËNDRUESHËM DHE SHËRBIME TË QASSHME PËR QYTETARËT”

“Nevojitet rritje e efikasitetit dhe efektivitetit në administrimin e tatimeve dhe taksave lokale dhe digjitalizimi i proceseve të arkëtimit; reforma e tatimit mbi pronën dhe nxitja e autonomisë fiskale; reforma e bllok-dotacioneve dhe aplikimi i programimit shumëvjeçar; përshtatja me standardet evropiane dhe aplikimi i buxhetimit të gjelbër; përmirësimi dhe aplikimi i modeleve të reja të shpërndarjes së transferimeve kapitale; forcimi i kapaciteteve administrative dhe forcimi i bashkëpunimit rajonal dhe ndërkomunal” janë një pjesë e rekomandimeve që u theksuan në Raportin e analizës së të ardhurave dhe të dalave të komunave në vitin 2024, të prezantuar në konferencën tradicionale vjetore për pushtetin lokal që u mbajt më 11 dhjetor 2025, në Shkup, në organizim të Ministrisë së Vetëqeverisjes Lokale në bashkëpunim me Programin e Zhvillimit të Kombeve të Bashkuara (UNDP). Në konferencë u ftuan të gjithë kryetarët e komunave, përfaqësues të këshillave komunalë dhe të administratës komunale, të cilët patën mundësinë të diskutojnë mbi temën “Vizioni për reforma për zhvillim të qëndrueshëm dhe shërbime të qasshme për qytetarët” së bashku me përfaqësuesit e pushtetit qendror dhe me aktorë të tjerë të

од странство, кои имаат значајна улога во креирањето на политики од оваа област.

Од името на ЗЕЛС пред присутните се обрати Душица Перишиќ, извршна директорка на ЗЕЛС, а говореа и министерот за локална самоуправа Златко Перински и министерот за дигитална трансформација Стефан Андоновски, како и амбасадорите: на Швајцарија – Кристоф Зомер, на Шведска – Ола Сулстром и заменичката на постојаниот претставник на УНДП во нашата земја Ана Чернишова.

„Од голема важност за локалната власт, во следниот период, е конечно и сериозно да се поработи на обезбедување поголема финансиска стабилност на општините. И покрај бројните досегашни укажувања од општините и од ЗЕЛС, не беше направено нешто посериозно во оваа насока. Добро е што Владата во минатата и оваа година им даде силна финансиска поддршка на општините за реализирање на бројни инфраструктурни проекти, но тоа не треба да е чин на добра волја, туку законски структуриран систем на финансии кои секоја општина ќе може да ги очекува и соодветно да ги планира за потребниот развој. Ова го зборувам од аспект што навистина е потребно да се разбере суштината и тежината на улогата на градоначалникот, на општинската администрација и на советниците, кои секојдневно и непосредно се соочуваат со потребите и очекувањата на граѓаните. За реализирање на своите потреби, граѓаните првенствено се обраќаат во општината, од таму бараат помош и поддршка во однос на обезбедување на некоја услуга, но многу често и за некој социјален, па дури и индивидуален проблем“. Ова го истакна извршната директорка на ЗЕЛС Душица Перишиќ, притоа посочувајќи дека децентрализацијата на власта и префрлањето нови надлежности треба да се случи што поскоро и во областа на социјалните услуги. Во однос на најавите за забрзана дигитализација на општинските услуги, Перишиќ нагласи дека ЗЕЛС е на иста бранова должина години наназад, што го потврдува и со практичната примена на неколку дигитални услуги за општините, но и со континуираното барање за обезбедување софтвер за наплата на данок на имот.

rëndësishëm nga vendi dhe jashtë, të cilët kanë një rol të rëndësishëm në krijimin e politikave në këtë fushë.

Në emër të BNJVL-së, para të pranishmëve u drejtua Dushica Perishiq, drejtoreshë ekzekutive e BNJVL-së, ndërsa folën edhe Ministri i Vetëqeverisjes Lokale Zllatko Perinski dhe Ministri i Transformimit Digjital Stefan Andonovski, si dhe ambasadorët e Zvicrës – Kristof Zomer, të Suedisë - Ola Sulstrom dhe Zëvendës Përfaqësuesi i përhershëm i UNDP-së në vendin tonë, Ana Çernishova.

"Është me rëndësi të madhe për pushtetin lokal, në periudhën e ardhshme, që të punohet përfundimisht dhe seriozisht në sigurimin e stabilitetit më të madh financiar të komunave. Edhe pavarësisht vërejtjeve të shumta të deritanishme nga ana e komunave dhe BNJVL-së, nuk është bërë asgjë më serioze në këtë drejtim. Është mirë që Qeveria në vitin e kaluar dhe këtë vit dha mbështetje të fortë financiare për komunat për realizimin e projekteve të shumta infrastrukturore, por kjo nuk duhet të jetë një akt i vullnetit të mirë, por një sistem i strukturuar ligjërisht i financave që çdo komunë mund ta presë dhe ta planifikojë në përputhje me zhvillimin e nevojshëm. Këtë e them nga aspekti që është vërtet e nevojshme të kuptohet thelbi dhe pesha e rolit të kryetarit të komunës, të administratës komunale dhe të këshilltarëve, të cilët përballen çdo ditë dhe drejtpërdrejt me nevojat dhe pritjet e qytetarëve. Për realizimin e nevojave të tyre, qytetarët në radhë të parë i drejtohen komunës, nga aty kërkojnë ndihmë dhe mbështetje, si në lidhje me sigurimin e ndonjë shërbimi, por shumë shpesh edhe për ndonjë problem social, madje edhe individual". Këtë e theksoi drejtoresha ekzekutive e BNJVL-së, Dushica Perishiq, duke theksuar se decentralizimi i pushtetit dhe transferimi i kompetencave të reja duhet të ndodhin sa më shpejt që të jetë e mundur edhe në sferën e shërbimeve sociale. Në lidhje me paralajmërimet për digjitalizimin e përshpejtuar të shërbimeve komunale, Perishiq theksoi se BNJVL është në të njëjtën mendim për shumë vite, gjë që e konfirmon edhe me zbatimin praktik të disa shërbimeve digjitale për komunat, por edhe me kërkesën e vazhdueshme për sigurimin e softuerit për arkëtimin e tatimit mbi pronën.





На конференцијата, освен изнесените анализи од спроведените истражувања за задоволството на граѓаните од локалните услуги за 2025 година и Годишниот извештај за финансирањето на општините за 2024 година, беа поставени и две сесии. Првата сесија се однесуваше на темата „Видици за унапредена децентрализација и локално управување“ на која, меѓу останатите говореа и Горан Герасимовски, градоначалник на Општина Центар и Дејан Митески, градоначалник на Општина Аеродром. Тие изнесоа одредени предизвици со кои се соочува локалната власт, но исто така посочија и на одредени важни иницијативи за законските измени што досега преку ЗЕЛС се изнесени пред централната власт, а во насока на подобрување на состојбите на локално ниво. На оваа сесија, претставникот од Министерството за јавна администрација на Република Словенија, Уршка Ремиц, ги сподели искуствата за состојбите и реформите на локалната власт во оваа земја, каде што бројот на единици на локалната самоуправа од 62, во 2012 година, е зголемен на 212, со цел зголемена демократија и непосредност на граѓаните со локалната власт, но посочи дека се направени и реформи во финансирањето на општините. На втората сесија се говореше на тема „Надградба на локалниот развој преку иновативни и квалитетни услуги за граѓаните“, каде говореа и Марија Нацева, градоначалничка на Општина Неготино и Светлана Колариќ, претседателка на Советот на Општина Кисела Вода.

На конференцијата беа изнесени важните чекори за идниот развој на локалната самоуправа во нашата земја: за потребата од поголема посветеност кон дигитализацијата на услугите; за платформата за интероперабилноста на податоците; за нагласената потреба од меѓуопштинска соработка и пр имена на методот за следење на оваа соработка; за јакнењето на инспекцискиот систем; за улогата на најавениот ресурсен центар за поддршка на општините и друго.

Në konferencë, përveç analizave të prezantuara nga hulumtimet e kryera për kënaqësinë e qytetarëve nga shërbimet lokale për vitin 2025 dhe Raporti vjetor për financimin e komunave për vitin 2024, u organizuan edhe dy sesione. Sesioni i parë i referohej temës “Pamje për decentralizim të avancuar dhe qeverisje lokale”, në të cilën, përveç folësve të tjerë, foli edhe Goran Gerasimovski, kryetar i Komunës Qendër dhe Dejan Miteski, kryetar i Komunës Aerodrom. Ata shprehën sfida të caktuara me të cilat përballet pushteti lokal, por gjithashtu theksuan iniciativa të caktuara të rëndësishme për ndryshime ligjore që deri tani janë prezantuar para pushtetit qendror përmes BNJVL-së në drejtim të përmirësimit të gjendjeve në nivel lokal. Në këtë sesion, përfaqësuesja nga Ministria e Administratës Publike e Republikës së Sllovenisë, Urshka Remic, ndau përvojat për gjendjet dhe reformat e pushtetit lokal në këtë vend, ku numri i njësive të vetëqeverisjes lokale nga 62, në vitin 2012 u rrit në 212, me qëllim të rritjes së demokracisë dhe afërsisë së qytetarëve me pushtetin lokal, por theksoi se janë bërë reforma edhe në financimin e komunave. Në sesionin e dytë u diskutua për temën “Përmirësimi i zhvillimit lokal përmes shërbimeve inovative dhe cilësore për qytetarët”, në të cilin folën edhe Marija Naceva, kryetare e Komunës së Negotinës dhe Svetllana Kollariq, kryetare e Këshillit të Komunës Kisella Vodë.

Në konferencë u prezantuan hapat e rëndësishëm për zhvillimin e ardhshëm të vetëqeverisjes lokale në vendin tonë: për nevojën për përkushtim më të madh ndaj digjitalizimit të shërbimeve, për platformën për ndërveprueshmërinë e të dhënave, për nevojën e theksuar për bashkëpunim ndërkomunal dhe zbatimin e metodës për monitorimin e këtij bashkëpunimi; për forcimin e sistemit inspektorial; për rolin e qendrës burimore të paralajmëruar për mbështetje të komunave dhe të tjera.







## ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ НА ЗЕЛС ЈА ОДРЖА КОНСТИТУТИВНАТА СЕДНИЦА

Новиот состав на Генералното собрание на ЗЕЛС, на 18 декември 2023 година, во хотелот „Александар Палас", ја одржа конститутивната седница, со што во целост беше запазена одредбата од Статутот на ЗЕЛС – конституирањето на овој највисок орган на Заедницата да се одржи не подоцна од три месеци од спроведувањето на локалните избори. Присутните го утврдија работното претседателство за водење на оваа конститутивна седница, кое, традиционално, се избира од редот на градоначалници што имаат искуство и добри познавања за статутарните одредби на ЗЕЛС и процедурите што треба да се запазат во текот на седницата. Во таа насока, присутните ги избраа: Орце Ѓорѓиевски, градоначалник на Град Скопје, Горан Герасимовски, градоначалник на Општина Центар и Блерим Сејдиу, градоначалник на Општина Желино.

Присутните ги избраа и членовите на Верификационата комисија во состав: Виктор Паунов, градоначалник на Општина Карбинци, Даут Беќири, градоначалник на Општина Арачиново и Блаже Шапов, градоначалник на Општина Богданци. Тие потврдија дека од 82 делегати, на седницата се присутни 67 градоначалници и претседателот на Советот на Град Скопје, што во согласност со Статутот на ЗЕЛС, го прави ова тело легитимно да одлучува на седницата.

По усвојувањето на дневниот ред, делегатите го избраа и составот на   Кандидационата комисија: Марија Нацева, градоначалник на Општина Неготино, Мухамед Елмази, градоначалник на Општина Сарај и Александар Стојкоски, градоначалник на Општина Ѓорче Петров. Предлозите на оваа Комисија за членови на Управниот одбор на ЗЕЛС и на Надзорниот одбор на ЗЕЛС беа

## KUVENDI GJENERAL I BNJVL-SË MBAJTI SEANCËN KONSTITUIVE

Më 18 dhjetor 2025, përbërja e re e Kuvendit Gjeneral të BNJVL-së mbajti seancën konstituive në hotelin "Aleksandar Palas", duke respektuar plotësisht dispozitën e Statutit të BNJVL-së - konstituimi i këtij organi më të lartë të Bashkësisë të mbahet jo më vonë se tre muaj pas zbatimit të zgjedhjeve lokale. Të pranishmit përcaktuan kryesinë e punës për udhëheqjen e kësaj seance konstituive, e cila tradicionalisht zgjidhet nga radhët e kryetarëve të komunave që kanë përvojë dhe njohuri të mira për dispozitat statutore të BNJVL-së dhe procedurat që duhet të respektohen gjatë seancës. Në këtë drejtim, të pranishmit zgjodhën Orce Gjorgjievskin, kryetar i Qytetit të Shkupit, Goran Gerasimovskin, kryetar i Komunës Qendër dhe Blerim Sejdiun, kryetar i Komunës së Zhelinës.

Të pranishmit zgjodhën edhe anëtarët e Komisionit verifikues në përbërje: Viktor Paunov, kryetar i Komunës së Karbincit, Daut Beqiri, kryetar i Komunës së Haraçinës dhe Bllazhe Shapov, kryetar i Komunës së Bogdancit. Ata konfirmuan se nga 82 delegatë, të pranishëm në seancë ishin 67 kryetarë komunash dhe kryetari i Këshillit të Qytetit të Shkupit, që në përputhje me Statutin e BNJVL-së e bën këtë trup legjitim për të marrë vendime në seancë.

Pas miratimit të rendit të ditës, delegatët zgjodhën edhe përbërjen e Komisionit kandidues: Marija Naceva, kryetare e komunës së Negotinës, Muhamed Elmazi, kryetar i Komunës së Sarajit dhe Aleksandar Stojkoski, kryetar i Komunës së Gjorçe Petrovit. Propozimet e këtij Komisioni për anëtarë të Bordit Drejtues të BNJVL-së dhe të Bordit Mbikëqyrës të BNJVL-së u miratuan njëzëri. Gjatë pauzës së seancës së Kuvendit Gjeneral, anëtarët e zgjedhur të këtyre trupave

едногласно прифатени. За време на паузата од седницата на Генералното собрание, избраните членови на овие тела одржаа поединечно, конститутивни седници на кои ги избраа претседателството на Управниот одбор на ЗЕЛС и претседателот на Надзорниот одбор на ЗЕЛС.

**Избрани членови на Управниот одбор на ЗЕЛС (од редот на градоначалници)**

1. **ОРЦЕ ЃОРЃИЕВСКИ**, градоначалник на Град Скопје – член по функција
2. **ИЗЕТ МЕЏИТИ**, градоначалник на Општина Чаир
3. **ГОРАН ГЕРАСИМОВСКИ**, градоначалник на Општина Центар
4. **СОЊА СТАМЕНКОВА**, градоначалник на Општина Македонска Каменица
5. **ЕРКАН АРИФИ**, градоначалник на Општина Липково
6. **ФИСНИК МЕЛА**, градоначалник на Општина Дебар
7. **БЛЕРИМ СЕЈДИУ**, градоначалник на Општина Желино
8. **БОБАН СТЕФКОВСКИ**, градоначалник на Општина Гази Баба
9. **МАКСИМ ДИМИТРИЕВСКИ**, градоначалник на Општина Куманово
10. **ДЕЈАН МИТЕСКИ**, градоначалник на Општина Аеродром
11. **ЈАНЕ МИЦЕВСКИ**, градоначалник на Општина Сопиште
12. **БОРЧЕ МИТЕВСКИ**, градоначалник на Општина Петровец
13. **ИВАН ЈОРДАНОВ**, градоначалник на Општина Штип
14. **ДЕЈАН ВЛАДЕВ**, градоначалник на Општина Свети Николе
15. **ЃОРЃЕ БОЖИНОВ**, градоначалник на Општина Ново Село
16. **ПЕТАР ЈАНКОВ**, градоначалник на Општина Струмица
17. **МИТКО ЈАНЧЕВ**, градоначалник на Општина Кавадарци
18. **ТОНИ КОЊАНОВСКИ**, градоначалник на Општина Битола
19. **КИРИЛ ПЕЦАКОВ**, градоначалник на Општина Охрид.

mbajtën seanca konstituive individuale, në të cilat zgjodhën kryesinë e Bordit Drejtues të BNJVL-së dhe kryetarin e Bordit Mbikëqyrës të BNJVL-së.

**Anëtarë të zgjedhur të Bordit Drejtues të BNJVL-së (nga radha e kryetarëve të komunave):**

1. **ORCE GJORGJIEVSKI**, kryetar i Qytetit të Shkupit – anëtar me funksion
2. **IZET MEXHITI**, kryetar i Komunës së Çairit
3. **GORAN GERASIMOVSKI**, kryetar i Komunës Qendër
4. **SONJA STAMENKOVA**, kryetare e Komunës së Makedonska Kamenicës
5. **ERKAN ARIFI**, kryetar i Komunës së Likovës
6. **FISNIK MELA**, kryetar i Komunës së Dibrës
7. **BLERIM SEJDIU**, kryetar i Komunës së Zhelinës
8. **BOBAN STEFKOVSKI**, kryetar i Komunës së Gazi Babës
9. **MAKSIM DIMITRIEVSKI**, kryetar i Komunës së Kumanovës
10. **DEJAN MITESKI**, kryetar i Komunës së Aerodromit
11. **JANE MICEVSKI**, kryetar i Komunës së Sopishtit
12. **BORÇE MITEVSKI**, kryetar i Komunës së Petrovecit
13. **IVAN JORDANOV**, kryetar i Komunës së Shtipit
14. **DEJAN VLLADEV**, kryetar i komunës së Sveti Nikollës
15. **GJORGJE BOZHINOV**, kryetar i Komunës së Novo Sellës
16. **PETAR JANKOV**, kryetar i komunës së Strumicës
17. **MITKO JANÇEV**, kryetar i Komunës së Kavadarit
18. **TONI KONJANOVSKI**, kryetar i Komunës së Manastirit
19. **KIRILL PECAKOV**, kryetar i Komunës së Ohrit.





### Избрани членови на Надзорниот одбор на ЗЕЛС (од редот на градоначалници)

1. **ФЕТИ АБАЗИ**, градоначалник на Општина Боговиње
2. **ВАНЧО МИТЕВ**, градоначалник на Општина Зрновци
3. **ДЕЈАН ПРОДАНОСКИ**, градоначалник на Општина Прилеп
4. **ДИМИТАР КОСТАДИНОСКИ**, градоначалник на Општина Јегуновце
5. **МАРКО КОЛЕВ**, градоначалник на Општина Велес.

### Генералното собрание донесе одлука за еднократно овластување на Управниот одбор на ЗЕЛС за утврдување на составот на Комитетот на советите при ЗЕЛС

Поради сложеноста на постапката за избор на осумте членови (од вкупно 9 члена) на Комитетот на советите при ЗЕЛС, делегатите на Генералното собрание донесоа одлука со која еднократно го овластија Управниот одбор, во име на Генералното собрание, да донесе одлука за утврдување на составот на членовите на Комитетот на совети, како орган на ЗЕЛС. Причина е сложеноста на процедурата за избор на членови на ова тело, што подразбира предлозите за членови во овој орган да бидат утврдени од страна на регионалните тела во кои членуваат претседателите на советите на општините од поединечните, осум статистички плански региони во земјата. Член на ова тело, според Статутот на ЗЕЛС, по функција е и претседателот на Советот на Град Скопје, а со тоа и член на Генералното собрание. Актуелниот претседател на Советот на Град Скопје, Даме Димитровски, присуствуваше на оваа конститутивна седница на Генералното собрание.

На седницата беше нагласено дека во следниот период ќе бидат избрани и членовите на комисиите во ЗЕЛС, кои се формираат според надлежностите на локалната власт. Исто така, во следниот период ќе бидат избрани и другите кандидати што ќе ја претставуваат ЗЕЛС во некои домашни и странски органи и институции, а ќе се ревидира и составот на специјализираните мрежи, во кои учествуваат претставници од општинската администрација.

### Anëtarë të zgjedhur të Bordit Mbikëqyrës të BNJVL-së (nga radha e kryetarëve të komunave):

1. **FETI ABAZI**, kryetar i Komunës së Bogovinës
2. **VANÇO MITEV**, kryetar i Komunës së Zërnovcit
3. **DEJAN PRODANOSKI**, kryetar i Komunës së Prilepit
4. **DIMITAR KOSTADINOSKI**, kryetar i Komunës së Jegunovcit
5. **MARKO KOLEV**, kryetar i Komunës së Velesit.

### Kuvendi Gjeneral mori vendim për autorizim të njëhershëm të Bordit Drejtues të BNJVL-së për përcaktimin e përbërjes së Komitetit të këshillave pranë BNJVL-së

Për shkak të kompleksitetit të procedurës për zgjedhjen e tetë anëtarëve (nga gjithsej 9 anëtarë) të Komitetit të këshillave pranë BNJVL-së, delegatët e Kuvendit Gjeneral morën vendim me të cilin e autorizuan në mënyrë të njëhershme Bordin Drejtues që në emër të Kuvendit Gjeneral të marrë vendim për të përcaktuar përbërjen e anëtarëve të Komitetit të këshillave, si organ i BNJVL-së. Arsyeja është kompleksiteti i procedurës për zgjedhjen e anëtarëve të këtij trupi, e cila nënkupton që propozimet për anëtarë të këtij organi të përcaktohen nga ana e trupave rajonalë në të cilët anëtarë janë kryetarët e këshillave të komunave të tetë rajoneve individuale statistikore planifikuese në vend. Anëtar i këtij trupi, sipas Statutit të BNJVL-së, me funksion është edhe kryetari i Këshillit të Qytetit të Shkupit dhe me këtë edhe anëtar i Kuvendit Gjeneral. Kryetari aktual i Qytetit të Shkupit, Dame Dimitrovski, ishte prezent në këtë seancë konstituive të Kuvendit Gjeneral.

Në seancë u theksua se në periudhën e ardhshme do të zgjidhen edhe anëtarët e komisioneve në BNJVL, të cilat formohen sipas kompetencave të pushtetit lokal. Po ashtu, në periudhën e ardhshme do të zgjidhen edhe kandidatët e tjerë që do të përfaqësojnë BNJVL-në në disa organe dhe institucione vendase dhe të huaja, ndërsa do të rishikohet edhe përbërja e rrjeteve të specializuara, në të cilat marrin pjesë përfaqësues nga administrata komunale.








## Усвоен Стратегискиот план на ЗЕЛС за 2026 – 2030 година

Извршната директорка на ЗЕЛС Душица Перишиќ, пред делегатите на Генералното собрание, ја презентираше Предлог-стратегијата на ЗЕЛС за периодот 2026 – 2030 година. Таа ги изнесе визијата и мисијата на ЗЕЛС за развивањето и унапредувањето на локалната власт во земјата за следните пет години и за активностите што Заедницата планира да ги преземе во таа насока. Во стратегијата се утврдени три главни стратегиски цели: 1. застапување и лобирање за членките; 2. услуги; 3. развој на капацитетите. Посочи дека основната функција на ЗЕЛС е застапување на единиците на локална самоуправа, односно лобирање за подобрување на законската регулатива чии одредби засегаат одредени надлежности на локалната власт. Впрочем, и во европското законодавство и кај нас околу 70 % од законската регулатива во една земја, во своите одредби има допирни точки кои опфаќаат одредено регулирање на овластувања на единиците на локалната самоуправа. Во таа насока, поддршката на органите и телата на ЗЕЛС, како и преговорите со институциите од извршната, но и соработката со законодавната власт, ќе заземаат централна позиција во работењето на ЗЕЛС. Перишиќ нагласи дека во следниот период се планира да се посвети посебно внимание и на реализирање на таканаречените „буџетски преговори“ со ресорното министерство, што е утврдено и во Меморандумот на ЗЕЛС и Владата, потпишан во 2024 година. Не е од помало значење обновувањето на соработката на ЗЕЛС со Собранието на РСМ и ревидирање на Меморандумот за соработка потпишан со оваа институција. Во однос на услугите, ЗЕЛС

## U miratua Plani Strategjik i BNJVL-së për periudhën e viteve 2026-2030

Drejtoresha ekzekutive e BNJVL-së, Dushica Perishiq, para delegatëve të Kuvendit Gjeneral prezantoi Propozim-strategjinë e BNJVL-së për periudhën e viteve 2026-2030. Ajo prezantoi vizionin dhe misionin e BNJVL-së për zhvillimin dhe avancimin e pushtetit lokal në vend për pesë vitet e ardhshme dhe për aktivitetet që Bashkësia planifikon të ndërmarrë në këtë drejtim. Në strategji janë përcaktuar tri qëllime kryesore strategjike: 1. përfaqësimi dhe lobimi për anëtarët; 2. Shërbimet; 3. zhvillimi i kapaciteteve. Theksoi se përfaqësimi i njësive të vetëqeverisjes lokale është funksioni kryesor i BNJVL-së, përkatësisht lobimi për përmirësimin e legjislacionit, dispozitat e të cilit lidhen me kompetenca të caktuara të pushtetit lokal. Në fakt, edhe në legjislacionin evropian dhe tek ne rreth 70% e legjislacionit në një vend, në dispozitat e tij ka pika prekëse, të cilat përfshijnë një rregullim të caktuar të autorizimeve të njësive të vetëqeverisjes lokale. Në këtë drejtim, mbështetja e organeve dhe trupave të BNJVL-së, si dhe negociatat me institucionet e pushtetit ekzekutiv, por edhe bashkëpunimi me pushtetin legjislativ do të zënë një pozicion qendror në punën e BNJVL-së. Perishiq theksoi se një vëmendje e veçantë në periudhën e ardhshme planifikohet të kushtohet edhe për realizimin e ashtuquajturave “negociata buxhetore” me ministrinë e resorit, që është përcaktuar edhe në Memorandumin e BNJVL-së dhe Qeverisë, të nënshkruar në vitin 2024. Me rëndësi jo pak më të vogël është edhe rinovimi i bashkëpunimit të BNJVL-së me Kuvendin e RMV-së dhe rishikimi i Memorandumit të bashkëpunimit të nënshkruar me këtë institucion. Në pjesën e shërbimeve, BNJVL vazhdimisht forcon kapacitetet e administratës komunale

во континуитет ги јакне капацитетите на општинската администрација преку ЗЕЛС тренинг центарот, но исто така продолжува со обезбедување, одржување и поддршка на електронските услуги што општините им ги нудат на своите граѓани, како што е градежната дозвола. Приоритет во следниот период е и реализирањето на повеќегодишното барање на ЗЕЛС за обезбедување софтвер за следење и плаќање на данок на имот, при што се залага одржувањето и поддршката на овој софтвер да ги спроведува Заедницата, по примерот на досегашните електронски услуги за општините. Во рамките на оваа стратегиска цел е и информирањето на општините, што ЗЕЛС го прави секојдневно и речиси повеќекратно во денот, со корисни информации за локалната власт. Таа апелираше општините да обезбедат непречен протек на информациите преку електронска пошта, но исто така ја нагласи и потребата тие редовно и навремено да одговараат на барањата од ЗЕЛС за доставување на мислења, особено за доставените предлог-закони. Во третата стратегиска цел се предвидени активности што се однесуваат на искористување на европските фондови, спроведување на зелената агенда, социјалната заштита, најдобрите искуства и слично. Присутните едногласно го усвоија новиот Стратегиски план на ЗЕЛС 2026 – 2030 година.

përmes Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së, por gjithashtu vazhdon me sigurimin, mirëmbajtjen dhe mbështetjen e shërbimeve elektronike që komunat ua ofrojnë qytetarëve të tyre, siç është leja e ndërtimit. Prioritet në periudhën e ardhshme është edhe realizimi i kërkesës shumëvjeçare të BNJVL-së për sigurimin e softuerit për ndjekjen dhe pagesën e tatimit mbi pronën, me ç'rast zotohet që mirëmbajtja dhe mbështetja e këtij softueri të realizohen nga Bashkësia, sipas shembullit të shërbimeve të deritanishme elektronike për komunat. Në kuadër të kësaj qëllimi strategjik është edhe informimi i komunave që e bën BNJVL-ja çdo ditë dhe pothuajse disa herë në ditë, me informacione të dobishme për pushtetin lokal. Ajo apeloi që komunat të sigurojnë një fluks të pandërprerë të informacioneve përmes postës elektronike, po gjithashtu theksoi edhe nevojën që ato të përgjigjen rregullisht dhe me kohë ndaj kërkesave të BNJVL-së për dorëzimin e mendimeve, veçanërisht për projekt-ligjet e dorëzuara. Në qëllimin e tretë strategjik parashikohen aktivitete që lidhen me shfrytëzimin e fondeve evropiane, zbatimin e agjendës së gjelbër, mbrojtjen sociale, praktikat më të mira dhe të ngjashme. Të pranishmit njëzëri miratuan Planin e ri strategjik të BNJVL-së për periudhën e viteve 2026-2030.







## Генералното собрание ги усвои Буџетот на ЗЕЛС и Акцискиот план на ЗЕЛС за 2026 година

Генералното собрание ги усвои Финансискиот план на ЗЕЛС и Акцискиот план на ЗЕЛС за 2026 година, веднаш по нивното презентирање од страна на извршната директорка на ЗЕЛС Душица Перишиќ. Беше нагласено дека Буџетот на ЗЕЛС е во согласност со Акцискиот план на ЗЕЛС за следната година, а тој пак е во согласност со стратегиските цели на ЗЕЛС. Беше посочено дека приходите на ЗЕЛС во најголем процент се средства од членарината и од средствата за користење на електронските услуги што општините ги плаќаат на ЗЕЛС. Апелираше редовно и навремено извршување на овие обврски, со што општините ќе си обезбедат и одредени попусти. Во спротивно, според донесена одлука на Управниот одбор на ЗЕЛС, на општината може да ѝ биде блокирано користењето на електронските системи што ги одржува ЗЕЛС и затоа не би требало да си дозволат ваква ситуација. Извршната директорка на ЗЕЛС нагласи дека долгот на општините кон ЗЕЛС изнесува околу дваесет милиони денари и дека и тука е воспоставен систем на склучување договор за постепена отплата на долгот. Нагласено беше дека Буџетот на ЗЕЛС за 2026 година ќе изнесува 46 милиони и седумстотини илјади денари.

## Kuvendi Gjeneral miratoi Buxhetin e BNJVL-së dhe Planin Aksionar të BNJVL-së për vitin 2026

Kuvendi Gjeneral miratoi Planin financiar të BNJVL-së dhe Planin Aksionar të BNJVL-së për vitin 2026, menjëherë pas prezantimit të tyre nga ana e drejtoreshës ekzekutive të BNJVL-së, Dushica Perishiq. U theksua se Buxheti i BNJVL-së është në përputhje me Planin Aksionar të BNJVL-së për vitin e ardhshëm, dhe ai është në përputhje me objektivat strategjikë të BNJVL-së. U theksua se të ardhurat e BNJVL-së në përqindjen më të madhe janë mjete nga anëtarësia dhe mjetet për përdorimin e shërbimeve elektronike që ia paguajnë komunat BNJVL-së. U apelua për kryerjen e rregullt dhe me kohë të këtyre detyrimeve, me ç'rast komunat do të sigurojnë edhe zbritje të caktuara. Në të kundërtën, sipas vendimit të miratuar nga Bordi Drejtues të BNJVL-së, komunës mund t'i bllokohet përdorimi i sistemeve elektronike që i mirëmban BNJVL dhe prandaj nuk duhet të lejojnë një situatë të tillë. Drejtoresha ekzekutive e BNJVL-së theksoi se borxhi i komunave ndaj BNJVL-së është rreth njëzet milion denarësh dhe se këtu është vendosur një sistem për lidhjen e një marrëveshjeje për shlyerjen graduale të borxhit. U theksua se Buxheti i BNJVL-së për vitin 2026 do të arrijë 46 milionë e shtatëqind mijë denarë.









## ЃОРЃИЕВСКИ, ГЕРАСИМОВСКИ И МЕЏИТИ ГО СОЧИНУВААТ НОВОТО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО НА ЗЕЛС – ОДЛУЧИ УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС НА КОНСТИТУТИВНАТА СЕДНИЦА

Орце Ѓорѓиевски, градоначалник на Град Скопје, на конститутивната седница на Управниот одбор на ЗЕЛС, што се одржа за време на паузата на седницата на Генералното собрание, по вторпат беше избран за претседател на ЗЕЛС за претстојниот мандат 2025 – 2029 година. За потпретседатели на ЗЕЛС, членовите на Управниот одбор им ја дадоа довербата на Горан Герасимовски, градоначалник на Општина Центар и на Изет Меџити, градоначалник на Општина Чаир. Претседателот на Управниот одбор на ЗЕЛС и потпретседателите на Управниот одбор на ЗЕЛС, според Статутот на Заедницата, воедно го претставуваат и новото претседателство на ЗЕЛС.

Управниот одбор на ЗЕЛС брои вкупно 22 члена, со мандат од четири години. Членови се 19 градоначалници, како и тројца општински советници од составот на Комитетот на советите при ЗЕЛС, од кои право на глас има само еден член. На оваа конститутивна седница присутните посочија дека за краток рок треба да се одржи нова седница, на која ќе бидат избрани и претставници од ЗЕЛС за во други домашни и странски организации, како и дека е потребно да се предложат и членови за одредени комисии во ЗЕЛС. Во интерес на времето, членовите на УО не развија поголема дискусија, но сепак нагласија дека во овој мандат од приоритетно значење за единиците на локалната власт треба да биде лобирањето за продлабочување на децентрализацијата на власта во

## GJORGJIEVSKI, GERASIMOVSKI DHE MEXHITI PËRBËJNË KRYESINË E RE TË BNJVL-SË - VENDOSI BORDI DREJTUES I BNJVL-SË NË SEANCËN KONSTITUIVE

Orce Gjorgjievski, kryetar i Qytetit të Shkupit, në seancën konstituive të Bordit Drejtues të BNJVL-së, e cila u mbajt gjatë pauzës së seancës së Kuvendit Gjeneral, u zgjodh për herë të dytë si kryetar i BNJVL-së për mandatin e ardhshëm 2025-2029. Si nënkryetarë të BNJVL-së, anëtarët e Bordit Drejtues ua dhanë besimin Goran Gerasimovskit, kryetar i Komunës Qendër dhe Izet Mexhitit, kryetar i Komunës së Çairit. Kryetari i Bordit Drejtues të BNJVL-së dhe nënkryetarët e Bordit Drejtues të BNJVL-së, sipas Statutit të Bashkësisë, njëkohësisht përfaqësojnë edhe kryesinë e re të BNJVL-së.

Bordi Drejtues i BNJVL-së numëron gjithsej 22 anëtarë, me mandat prej katër vjetësh. Anëtarë janë 19 kryetarë komunash, si dhe tre këshilltarë komunalë nga përbërja e Komitetit të këshillave pranë BNJVL-së, nga të cilët vetëm një anëtar ka të drejtë vote. Në këtë seancë konstituive, të pranishmit theksuan se për një afat të shkurtër duhet të mbahet një seancë e re, në të cilën do të zgjidhen edhe përfaqësues nga BNJVL në organizata të tjera vendase dhe të huaja, si dhe se është e nevojshme të propozohen edhe anëtarë për komisione të caktuara në BNJVL. Në interes të kohës, anëtarët e Bordit Drejtues nuk zhvilluan një diskutim më të gjerë, por megjithatë theksuan se në këtë mandat është me rëndësi prioritare për njësitë e pushtetit lokal të jetë lobimi për thellimin e decentralizimit të pushtetit në vend, me



земјата, со целосно почитување на одредбите од Европската повелба за локална самоуправа, каде за секоја префрлена надлежност, на општините треба да им бидат префрлени и соодветни финансиски средства за нивно спроведување. Беше посочено дека лобирањето за подобрување на финансирањето на единиците на противпожарната заштита вродило со резултати и во Буџетот на државата за следната година се одвоени значително повеќе средства за оваа намена. Исто така, беше нагласено дека прашањата за утврдување на обврските и надлежностите на општинската комунална полиција ќе бидат една од главните теми за дискусија на Управниот одбор на ЗЕЛС на следните седници, особено што ЗЕЛС веќе има подготвено и Предлог-законско решение за општинска комунална полиција. По завршувањето на седницата, претседателот на ЗЕЛС им се обрати на членовите на Генералното собрание на ЗЕЛС.

respektimin e plotë të dispozitave të Kartës Evropiane për Vetëqeverisje Lokale, ku për çdo kompetencë të transferuar te komunat duhet t'u transferohen gjithashtu mjete financiare përkatëse për zbatimin e saj. U theksua se lobimi për përmirësimin e financimit të njësive të mbrojtjes nga zjarri ka dhënë rezultate dhe në Buxhetin e shtetit për vitin e ardhshëm janë ndarë konsiderueshëm më shumë mjete për këtë qëllim. Po ashtu, u theksua se çështjet për përcaktimin e detyrimeve dhe kompetencave të policisë komunale do të jenë një nga temat kryesore për diskutim të Bordit Drejtues të BNJVL-së në seancat e ardhshme, sidomos pasi BNJVL-ja tashmë ka përgatitur edhe Propozim-zgjidhjen ligjore për policinë komunale. Pas përfundimit të seancës, kryetari i BNJVL-së iu drejtua anëtarëve të Kuvendit Gjeneral të BNJVL-së.












## ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП, ДЕЈАН ПРОДАНОСКИ, ИЗБРАН ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС

На конститутивната седница што се одржа на 18 декември 2025 година, во хотелот „Александар Палас", градоначалникот на Општина Прилеп, Дејан Проданоски, беше избран за претседател на Надзорниот одбор на ЗЕЛС. Ова тело на ЗЕЛС брои вкупно шест члена: пет градоначалници и еден претставник од Комитетот на регионите, без право на глас. Претседателот на ова тело може да присуствува на сите седници на Управниот одбор на ЗЕЛС, но нема право на глас. Во интерес на времето, членовите на ова тело се договорија во следниот период да одржат нова седница на која ќе отворат посеопфатна дискусија за прашања од нивна надлежност.

## KRYETARI I KOMUNËS SË PRILEPIT, DEJAN PRODANOSKI U ZGJODH KRYETAR I BORDIT MBIKËQYRËS I BNJVL-SË

Në seancën konstituive që u mbajt më 18 dhjetor 2025 në hotelin "Aleksandar Palas", kryetari i Komunës së Prilepit, Dejan Prodanoski, u zgjodh kryetar i Bordit Mbikëqyrës të BNJVL-së. Ky organ i BNJVL-së numëron gjithsej gjashtë anëtarë: pesë kryetarë komunash dhe një përfaqësues i Komitetit të Rajoneve, pa të drejtë vote. Kryetari i këtij organi mund të marrë pjesë në të gjitha seancat e Bordit Drejtues të BNJVL-së, por nuk ka të drejtë vote. Në interes të kohës, anëtarët e këtij organi ranë dakord që në periudhën e ardhshme të mbajnë një seancë të re, në të cilën do të hapin diskutim më të gjerë për çështje nga kompetenca e tyre.






## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЗЕЛС ГИ ИЗНЕСЕ ПРИОРИТЕТНИТЕ ЗАЛОЖБИ НА ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ ЗА СЛЕДНИОТ ПЕРИОД

По изборот на новото раководство на ЗЕЛС и изнесените изјави пред присутните медиуми, претседателот на ЗЕЛС Орце Ѓорѓиевски се обрати и пред делегатите на Генералното собрание на ЗЕЛС. Тој изрази голема благодарност за укажаната чест од страна на членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС и нагласи дека во следниот период ќе се труди максимално да ја оправда дадената доверба. Му честиташе и на новоизбраниот потпретседател на ЗЕЛС, Горан Герасимовски, како и на Изет Меџити, кој од оправдани причини не присуствуваше на седницата. Ѓорѓиевски изрази надеж дека тројцата ќе воспостават меѓусебна одлична соработка, но исто така нагласи уверување дека ќе гради добра соработка и со членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС и со членовите на другите тела и органи на Заедницата, како и со сите единици на локалната самоуправа во земјава.

„Оптимист сум дека ќе имаме еден успешен мандат, кој ќе остави значаен белег во реформирањето и унапредувањето на локалната самоуправа во земјава и во процесот на продлабочување на децентрализацијата на власта. Тој оптимизам го темелам врз неколку причини. Сметам дека по дваесет години имплементација на надлежностите на локалната власт, созреани се состојбите за преземање соодветни реформи и продлабочување на децентрализацијата во нашата земја. Потоа, мислам дека во овој мандат имаме наталожено доволно искуство, бидејќи повеќе од половина од градоначалниците, како и многу советници имаат најмалку еден мандат зад себе, а некои и повеќе. Многу ме охрабрува и континуираната поддршка што ја добиваме од Владата, а како потврда е и

## KRYETARI I BNJVL-SË PREZANTOI ZOTIMET PRIORITARE TË PUSHTETIT LOKAL PËR PERIUDHËN E ARDHSHME

Pas zgjedhjes së kryesisë së re së BNJVL-së dhe deklaratave të bëra para mediave të pranishme, kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski, u drejtua edhe para delegatëve të Kuvendit Gjeneral të BNJVL-së. Ai shprehu falënderim të madh për nderin e dhënë nga ana e anëtarëve të Bordit Drejtues të BNJVL-së dhe theksoi se në periudhën e ardhshme do të përpiqet maksimalisht të arsyetojë besimin e dhënë. Ia uroi zgjedhjen edhe nënkryetarit të ri të BNJVL-së, Goran Gerasimovski, si dhe Izet Mexhiti, i cili për arsye të justifikuara nuk ishte i pranishëm në seancë. Gjorgjievski shprehu shpresën se ata të tre do të krijojnë një bashkëpunim të shkëlqyer mes tyre, por gjithashtu theksoi besimin se do të ndërtojë një bashkëpunim të mirë edhe me anëtarët e Bordit Drejtues të BNJVL-së dhe me anëtarët e organeve dhe trupave të tjerë të Bashkësisë, si dhe me të gjitha njësitë e vetëqeverisjes lokale në vend.

"Jam optimist se do të kemi një mandat të suksesshëm, i cili do të lërë një shenjë të rëndësishme në reformimin dhe avancimin e vetëqeverisjes lokale në vend dhe në procesin e thellimit të decentralizimit të pushtetit. Këtë optimizëm e mbështes me disa arsye. Mendoj se pas njëzet vjetësh të zbatimit të kompetencave të pushtetit lokal, kushtet janë pjekur për ndërmarrjen e reformave përkatëse dhe thellimin e decentralizimit në vendin tonë. Pastaj, mendoj se në këtë mandat kemi akumuluar mjaft përvojë, pasi më shumë se gjysma e kryetarëve të komunave, si dhe shumë këshilltarë kanë të paktën një mandat pas vetes, e disa edhe më shumë. Më inkurajon shumë edhe mbështetja e vazhdueshme që po marrim nga Qeveria, dhe si dëshmi është sigurimi i mjeteve

обезбедувањето средства за инфраструктурниот „бум" што сега се реализира во општините. Таа покажа дека унапредувањето на локалната власт е еден од нејзините приоритети во нејзиниот мандат. И последно, но не и најмалку важно за мене, е единството што постои во ЗЕЛС, како наша најголема алатка во лобирањето пред централната власт", нагласи Ѓорѓиевски во своето обраќање.

Според Ѓорѓиевски, најголем приоритет на сите единици на локалната власт и на ЗЕЛС во следниот период ќе биде обезбедувањето поголема финансиска самостојност на општините, во согласност со состојбите и можностите на државата. Факт е дека досега само околу 5 % од бруто домашниот производ се одвојува за општините. Заложбата на ЗЕЛС и понатаму останува да се обезбеди најмалку 10 % од зафаќањето од ДДВ и 50 % од персоналниот данок, во полза на општините. Тој нагласи дека ЗЕЛС посериозно ќе се фокусира и на консолидирањето во сопствените редови, во насока дека секоја општина треба да пристапи кон повторно ажурирање, репроценка и собирање на своите даноци, особено данокот на имот. За ова прашање се дискутирало на седниците на Управниот одбор и на Генералното собрание и во претходниот период, но овие разговори, според Ѓорѓиевски, треба да се интензивираат сè до средување на оваа состојба.

За Ѓорѓиевски, не е од помало значење и заложбата на ЗЕЛС за продлабочување на децентрализацијата на власт, особено во однос на социјалните услуги, а потоа и во културата, земјоделството, шумарството и слично. Беше посочено дека во рамките на ЗЕЛС веќе се подготвени анализи за префрлање на центрите за социјална работа, како и компаративна анализа на искуствата од повеќе земји од регионот, а одржани се и средби на кои се запознаени претставниците од соодветното министерство.

Како пред Управниот одбор на ЗЕЛС така и пред делегатите на Генералното собрание, Ѓорѓиевски го потенцира значењето на воведување на општинска комунална полиција, барање на ЗЕЛС кое е прифатено и ставено во измените и дополнувањата на Законот за локална самоуправа. Тој ги информираше делегатите дека ЗЕЛС има подготвено и Предлог-закон за уредување на оваа дејност и дека се надева на интензивни претстојни

për "bumin" infrastrukturor që tani po realizohet në komuna. Kjo tregoi se avancimi i pushtetit lokal është një nga prioritetet e saj në mandatin e saj. Dhe e fundit, por jo më pak e rëndësishme për mua është uniteti që ekziston në BNJVL, si mjeti ynë më i madh në lobimin para pushtetit qendror", theksoi Gjorgjievski në fjalimin e tij.

Sipas Gjorgjievskit, prioriteti më i madh i të gjitha njësive të pushtetit lokal dhe të BNJVL-së në periudhën e ardhshme do të jetë sigurimi i një autonomie më të madhe financiare për komunat, në përputhje me gjendjet dhe mundësitë e shtetit. Është fakt se deri tani vetëm rreth 5% të prodhimit të brendshëm bruto ndahen për komunat. Zotimi i BNJVL-së mbetet edhe më tej të sigurohen të paktën 10% të përqindjes nga TVSH dhe 50% të tatimit të të ardhurave personale, në dobi të komunave. Ai theksoi se BNJVL do të përqendrohet më seriozisht edhe në konsolidimin brenda radhëve të veta, në drejtim që çdo komunë duhet të qaset ndaj një përditësimi të ri, rivlerësimit dhe mbledhjes së tatimeve të saj, veçanërisht të tatimit mbi pronë. Për këtë çështje është diskutuar në seancat e Bordit Drejtues dhe të Kuvendit Gjeneral edhe në periudhën e kaluar, por këto biseda, sipas Gjorgjievskit, duhet të intensifikohen deri në rregullimin e kësaj gjendjeje.

Për Gjorgjievskin, me rëndësi jo më pak të vogël është edhe zotimi i BNJVL-së për thellimin e decentralizimit të pushtetit, veçanërisht në fushën e shërbimeve sociale, dhe pastaj në kulturë, bujqësi, pylltari e të ngjashme. U theksua se në kuadër të BNJVL-së tashmë janë përgatitur analiza për transferimin e qendrave për punë sociale, si dhe një analizë krahasuese të përvojave nga disa vende të rajonit, dhe janë mbajtur takime ku janë njohur përfaqësuesit e ministrisë përkatëse.

Si para Bordit Drejtues të BNJVL-së, ashtu edhe para delegatëve të Kuvendit Gjeneral, Gjorgjievski theksoi rëndësinë e krijimit të policisë komunale, një kërkesë e BNJVL-së që është pranuar dhe përfshirë në ndryshimet dhe plotësimet e Ligjit për vetëqeverisjen lokale. Ai i informoi delegatët se BNJVL-ja ka përgatitur edhe një Projekt-ligj për rregullimin e kësaj veprimtarie dhe se shpreson për marrëveshje të ardhshme intensive me ministritë kompetente





договори со надлежните министерства околу дефинитивната законска верзија. Ѓорѓиевски нагласи дека има уште многу важни теми за дискусија во рамките на телата и органите на ЗЕЛС, за преговарање со Владата, меѓу кои се: дигитализацијата на услугите кон граѓаните, планската документација и урбанизација, предизвиците околу јавните комунални претпријатија и друго. Најголем дел од овие прашања, но и многу предлог-решенија од речиси сите надлежности на општините, се утврдени во Систематизираните ставови на ЗЕЛС, кои се ревидираат секоја година од страна на општините, пред да се пристапи во преговори со централната власт. На крајот од своето обраќање, претседателот на ЗЕЛС им посака успешен четиригодишен мандат на делегатите, како и добро здравје во новата 2026 година.

rreth versionit përfundimtar të ligjit. Gjorgjievski theksoi se ka ende shumë tema të rëndësishme për diskutim brenda organeve dhe trupave të BNJVL-së, për negociata me Qeverinë, ndër të cilat janë: digjitalizimi i shërbimeve për qytetarët, dokumentacioni planifikues dhe urbanizimi, sfidat rreth ndërmarrjeve publike komunale dhe të tjera. Pjesa më e madhe e këtyre çështjeve, por edhe shumë propozim-zgjidhje nga pothuajse të gjitha kompetencat e komunave, janë përcaktuar në dokumentin "Qëndrimet e sistematizuara të BNJVL-së", të cilat rishikohen çdo vit nga ana e komunave, para se të fillojnë negociatat me pushtetin qendror. Në fund të fjalimit të tij, kryetari i BNJVL-së u uroi delegatëve një mandat të suksesshëm katërvjeçar, si dhe shëndet të mirë në Vitin e Ri 2026.

## ЗЕЛС ГО ПОДГОТВИ НОВОТО, ШЕСТО ИЗДАНИЕ НА „ПРИРАЧНИК, ВОДИЧ НИЗ НАДЛЕЖНОСТИТЕ ЗА НОВОИЗБРАНИТЕ ГРАДОНАЧАЛНИЦИ И ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ 2025 – 2029"

## BNJVL PËRGATITI EDICIONIN E RI, TË GJASHTË TË "DORACAKUT, UDHËZUES DREJT KOMPETENCAVE PËR KRYETARËT E SAPOZGJEDHUR TË KOMUNAVE DHE ANËTARËT E KËSHILLAVE TË KOMUNAVE 2025-2029"






ЗЕЛС, традиционално по шести пат, подготви „Прирачник, водич низ надлежностите за новоизбраните градоначалници и членовите на советите на општините, 2025 – 2029“ и во електронска форма го достави до сите локални функционери кои се избрани на локалните избори спроведени во октомври – ноември 2025 година. Прирачникот е своевидна „честитка“ од ЗЕЛС за лицата кои на изборите обезбедија доверба од граѓаните, во насока на нивно брзо осознавање на надлежностите на локалната власт и обврските што тие во текот на нивниот четиригодишен мандат треба да ги спроведуваат. Главната цел на Прирачникот е избраните локални функционери што побрзо да се запознаат со организацијата, надлежностите и законските обврски на општината, но и со одговорностите на општинскиот советник и на градоначалникот. Од особена важност се областите што се однесуваат на финансирањето на општината, донесувањето на буџетот, развојот на локалната економија, просторното и урбанистичко планирање, комуналните услуги, руралниот развој, образованието и заштитата на животната средина, кои во Прирачникот се разработени на поедноставен и лесно разбирлив начин. Не се од помало значење за општините и активностите во градењето на е-општина, воспоставувањето европски стандарди на услугите кон граѓаните, развивањето на транспарентно работење и информирање на јавноста, градењето добри релации со граѓанските организации и создавањето општина по европски модел, па поради тоа и за овие теми е одвоено соодветно место во ова издание. Прирачникот претставува и основа за натамошно унапредување на заедничките напори во насока на обезбедување модерни европски општини во кои граѓаните ќе добиваат квалитетни услуги и ќе имаат подобри услови за живот. Прирачникот е замислен да му биде при рака на секој градоначалник и советник, како значаен извор за црпење на потребните информации при донесување на важните одлуки од локално значење.

BNJVL, tradicionalisht për herë të gjashtë përgatiti “Doracakun, udhëzues drejt kompetencave për kryetarët e sapozgjedhur të komunave dhe anëtarët e këshillave të komunave 2025-2029” dhe e dërgoi atë në formë elektronike te të gjithë funksionarët lokalë që u zgjodhën në zgjedhjet lokale të zbatuara në tetor-nëntor 2025. Doracaku është një lloj “urimi” nga BNJVL-ja për personat që në zgjedhje siguruan besimin e qytetarëve, me qëllim që ata të njohin sa më shpejt kompetencat e pushtetit lokal dhe obligimet që ata duhet të zbatojnë gjatë mandatit të tyre katërvjeçar. Qëllimi kryesor i doracakut është që funksionarët e zgjedhur lokalë të njohin sa më shpejt organizimin, kompetencat dhe obligimet ligjore të komunës, por edhe përgjegjësitë e këshilltarit komunal dhe kryetarit të komunës. Me rëndësi të veçantë janë fushat që kanë të bëjnë me financimin e komunës, miratimin e buxhetit, zhvillimin e ekonomisë lokale, planifikimin hapësinor dhe urbanistik, shërbimet komunale, zhvillimin rural, arsimin dhe mbrojtjen e mjedisit jetësor, të cilat në doracak janë përpunuar në një mënyrë më të thjeshtë dhe të lehtë për t'u kuptuar. Me rëndësi jo më pak të vogël për komunat janë edhe aktivitete që lidhen me ndërtimin e e-komunës, vendosjen e standardeve evropiane të shërbimeve për qytetarët, zhvillimin e punës transparente dhe informimin e opinionit, ndërtimin e marrëdhënieve të mira me organizatat e qytetarëve dhe krijimin e një komune sipas modelit evropian, prandaj për këto tema është ndarë një vend i duhur në këtë botim. Doracaku përfaqëson gjithashtu një bazë për avancimin e mëtejshëm të përpjekjeve të përbashkëta në drejtim të sigurimit të komunave moderne evropiane në të cilat qytetarët do të marrin shërbime cilësore dhe do të kenë kushte më të mira për jetesë. Doracaku është menduar të jetë në ndihmë të çdo kryetari të komunës dhe këshilltari, si një burim i rëndësishëm për të marrë informacionet e nevojshme në marrjen e vendimeve të rëndësishme me rëndësi lokale.

## ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА НОВИТЕ МЕТОДОЛОГИИ ЗА БЛОК ДОТАЦИИТЕ ЗА ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ОПШТИНИТЕ, ЗА 2026 ГОДИНА

Распределбата на средствата за блок дотациите за општините, за основно и за средно образование, за следната 2026 година, ќе се врши според новите методологии, донесени на крајот на јули, минатата година. Со тоа се очекува да се обезбеди ефикасна и правична распределба на потребните ресурси и да се обезбедат потребните средства за да можат општините соодветно ја спроведуваат оваа надлежност. Во изминатиот период, ЗЕЛС во континуитет укажуваше на недостигот од средства во образованието речиси во целиот период на

## IMPLEMENTIMI I METODOLOGJIVE TË REJA PËR BLLOK DOTACIONET PËR ARSIMIN FILLOR DHE ATË TË MESËM PËR KOMUNAT PËR VITIN 2026

Shpërndarja e mjeteve për bllok dotacionet për komunat, për arsimin fillor dhe atë të mesëm, për vitin e ardhshëm 2026, do të bëhet sipas metodologjive të reja, të miratuara në fund të muajit korrik, vitin e kaluar. Me këtë pritet të sigurohet një shpërndarje efikase dhe të drejtë të resurseve të nevojshme dhe të sigurohen mjetet e nevojshme që komunat të mund të zbatojnë në mënyrë përkatëse këtë kompetencë. BNJVL në periudhën e kaluar vazhdimisht ka theksuar mungesën e mjeteve në arsim pothuajse gjatë gjithë periudhës



дваесетгодишната имплементација на децентрализацијата на власта во земјава, и тоа за најмалку 30 %. Затоа, ЗЕЛС активно учествуваше со свои ставови и предлози при креирањето на двете предлог-формули. Особено даде поддршка за прифаќање на утврдувањето основен (стандарден) трошок по ученик, како појдовна основа во пресметувањето, што е и долгогодишно барање на ЗЕЛС.

## За 2026 година, основниот трошок по ученик во основното образование изнесува 112.747 денари, а за средното образование 103.589 денари

Според формулата, распределбата на блок дотациите ќе се спроведува по критериумот: основен трошок по ученик, а потоа се вклучуваат и две компоненти: основна компонента и варијабилна компонента. Па така, во новата Уредба за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотациите за основно образование по општините за 2026 година, основниот трошок по ученик на годишно ниво е утврден во висина од 112.747 денари, а во Уредбата за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотациите за средно образование по општините за 2026 година, основниот трошок по ученик е утврден на 103.589 денари. Основниот трошок по ученик ги содржи трошоците за: плата и придонеси, трошок за вода, струја, смет, греење и други комуналии, хигиена и тековно одржување, наставни материјали, стручно усовршување на вработените и друго, со тоа што кај основното образование е вкалкулиран и трошокот за еднодневен излет. Основната компонента е збир на вредности на основните трошоци на сите училишта кои се во надлежност на општината и се пресметува со множење на основниот трошок по ученик со коефициентот на приспособување на училиштето со вкупниот број ученици во училиштето на почетокот на тековната учебна година. Во новата формула се утврдени и коефициентите на степенот на развој на училиштето (од прв до четврти степен на развој и заштитено училиште), кои се утврдуваат

dyzetvjeçare të zbatimit të decentralizimit të pushtetit në vend dhe kjo për të paktën 30%. Prandaj, BNJVL ka marrë pjesë në mënyrë aktive me qëndrimet dhe propozimet e saj gjatë krijimit të dy propozim-formulave. Veçanërisht dha mbështetje për pranimin e përcaktimit të kostos bazë (standarde) për nxënës, si një bazë fillestare në llogaritje, që është gjithashtu një kërkesë e shumëvjeçare e BNJVL-së.

## Për vitin 2026, kostoja bazë për nxënës në arsimin fillor është 112.747,00 denarë, ndërsa për arsimin e mesëm 103.589,00 denarë

Sipas formulës, shpërndarja e bllok dotacioneve do të realizohet sipas kriterit: kosto bazë për nxënës, dhe më pas përfshihen edhe dy komponentë: komponenti bazë dhe komponenti variabil. Kështu, në Dekretin e ri për metodologjinë e përcaktimit të kritereve për shpërndarjen e bllok dotacioneve për arsimin fillor nëpër komunat për vitin 2026, kostoja bazë për nxënës në nivel vjetor është përcaktuar në shumën prej 112.747,00 denarë, ndërsa në Dekretin për metodologjinë e përcaktimit të kritereve për shpërndarjen e bllok dotacioneve për arsimin e mesëm nëpër komunat për vitin 2026, kostoja bazë për nxënës është përcaktuar në 103.589,00 denarë. Kostoja bazë për nxënës përfshin shpenzimet për: pagën dhe kontributet, shpenzimin për ujë, energji elektrike, mbeturina, ngrohje dhe shërbime të tjera komunale, higjienë dhe mirëmbajtje të vazhdueshme, materiale mësimore, përmirësimin profesional të punonjësve dhe të tjera, duke përfshirë këtu edhe shpenzimin për një ekskursion njëditor në arsimin fillor. Komponenti bazë është shuma e vlerave të shpenzimeve bazë të të gjitha shkollave që janë nën kompetencën e komunës dhe llogaritet duke shumëzuar koston bazë për nxënës me koeficientin e përshtatjes së shkollës me numrin total të nxënësve në shkollë në fillim të vitit aktual shkollor. Në formulën e re janë përcaktuar edhe koeficientet e nivelit të zhvillimit të shkollës

врз основа на нормативите и стандардите за училишните простории, опрема и наставни средства за основните училишта во РСМ. Во варијабилната компонента влегуваат: трошок за превоз на учениците, трошок за ученик со посебни образовни потреби, надоместок за учениците што следат настава на јазик што го зборуваат помалкубројните етнички заедници, трошок за екскурзија за учениците во социјален ризик, надоместок за учениците што следат настава во подрачните училишта. Во општините каде што пресметаната блок дотација според новата формула е пониска од последно утврдената блок дотација во Буџетот на РСМ, се поставува ограничување на најголемото можно намалување на вкупната дотација, во износ од 5 % од претходно утврдената блок дотација. Во општините каде што пресметаната блок дотација според новата формула е повисока од последно утврдената блок дотација во Буџетот на РСМ, се додаваат дополнителни средства во висина од релативното учество на блок дотацијата за таа општина во вкупната блок дотација за општините со поголеми дотации, а во рамките на дополнително доделените средства, зголемени за заштедите остварени во општините кои добиле помалку средства. Во новата формула се предвидува и „развојната компонента“ која се планира да се воведе од 2028 година.

## Реализирани обуки за општините за распределбата на блок дотациите за образование

Со цел општините подетално да се запознаат со двете нови формули, а особено како понатаму добиените средства треба да ги распределат по своите училишта, беа организирани соодветни обуки за претставниците од општинската администрација. На иницијатива на Министерството за образование и наука (МОН), во соработка со УНИЦЕФ и Здружението за истражување и анализи (ЗМАИ), поддржани од Светска банка, беа реализирани шест обуки во периодот ноември – декември, а седмата обука ќе се реализира во јануари 2026 година. На обуките беа поканети по двајца претставници од секоја општина, од одделенијата за финансии и за образование. Обуките ги реализираше ЗМАИ, а ЗЕЛС даде поддршка на координирањето на општините.

Од особена важност за присутните беше можноста да се запознаат со новите нормативи и стандарди за основно образование (училишната мрежа, просторот, опремата, одржливоста и наставните средства....), што е важно при

(nga niveli i parë deri në nivelin e katërt dhe shkolla e mbrojtur) që përcaktohen në bazë të normativave dhe standardeve për hapësirat shkollore, pajisjet dhe mjetet mësimore për shkollat fillore në RMV. Në komponentin variabil përfshihen: shpenzimi për transportin e nxënësve, shpenzimi për nxënësit me nevoja të veçanta arsimore, kompensimi për nxënësit që ndjekin mësim në gjuhën e grupeve etnike me numër më të vogël, shpenzimi për ekskursion për nxënësit në rrezik social, kompensimi për nxënësit që ndjekin mësim në shkollat rajonale. Në komunat ku bllok dotacioni i llogaritur sipas formulës së re është më i ulët se bllok dotacioni i fundit i përcaktuar në Buxhetin e RMV-së, vendoset një kufizim mbi uljen e mundshme maksimale të dotacionit total, në shumën prej 5% të bllok dotacionit të përcaktuar paraprakisht. Në komunat ku bllok dotacioni i llogaritur sipas formulës së re është më i lartë se bllok dotacioni i fundit i përcaktuar në Buxhetin e RMV-së, shtohen mjete shtesë në shumën e pjesëmarrjes relative të bllok dotacionit për atë komunë në bllok dotacionin total për komunat me dotacione më të mëdha, ndërsa në kuadër të mjeteve të ndara shtesë, të rritura për kursimet e arritura në komunat që kanë marrë më pak mjete. Në formulën e re parashikohet edhe "komponenti zhvillimor", i cili planifikohet të hyjë në fuqi nga viti 2028.

## U realizuan trajnime për komunat për shpërndarjen e bllok dotacioneve për arsim

Me qëllim që komunat të informohen në detaje lidhur me dy formulat e reja, e sidomos si duhet të shpërndajnë më tej mjetet e marra në shkollat e tyre, u organizuan trajnime për përfaqësuesit e administratës komunale. Me iniciativën e Ministrisë së Arsimit dhe Shkencës (MASH), në bashkëpunim me UNICEF-in dhe Shoqatën për hulumtime dhe analiza (ZMAI), të mbështetur nga Banka Botërore, u realizuan gjashtë trajnime në periudhën nëntor-dhjetor, ndërsa trajnimi i shtatë do të realizohet në janar të vitit 2026. Në trajnime u ftuan nga dy përfaqësues nga secila komunë, nga departamenti i financave dhe ai i arsimit. Trajnimet u realizuan nga ZMAI, ndërsa BNJVL dha mbështetje në koordinimin e komunave.

Me rëndësi të veçantë për të pranishmit ishte mundësia për t'u informuar me normativat dhe standardet e reja për arsimin fillor (rrjeti shkollor, hapësira, pajisjet, qëndrueshmëria dhe mjetet mësimore...), të rëndësishme për






утврдувањето на степенот на развој на училиштата. Добија информации за состојбата на постојната училишна мрежа во државата, односно големиот број на подрачни училишта во однос на централните и анализи поврзани со изработката на плановите за оптимизација на училишната мрежа. Тоа е во насока на исполнување на целта за спроведување настава само во прва смена и обезбедување еднакви услови и пристап на секој ученик. Присутните имаа можност да добијат поширока слика и за состојбите со наставниот кадар; намалувањето на бројот на ученици во поголемиот број училишта; за соодносот ученик-наставник и слично. Изработен е и Прирачник за подготовка на план за оптимизација на училишната мрежа, кој во електронска форма е испратен до секој учесник на обуката, а присутните беа информирани дека се подготвува и калкулатор за пресметка на распределбата на средствата, што треба да претставува дополнително олеснување за општината. Беше посочено дека досега 33 општини добиваат стручна поддршка во спроведување на процесот за изработка на план на општината за оптимизација на училишната мрежа и дека во следниот период, со примената на новата формула, сите општини ќе почувствуваат потреба да изработат таков план.

### Карактеристики на стандардно училиште

Од особена важност за претставниците од општините беа карактеристиките на едно стандардно училиште, меѓу кои беа посочени: три паралелки во секоја учебна година; 20 ученици по паралелка (според законскиот минимум); 1,6 наставници по паралелка во одделенска настава и 1,91 наставник по паралелка во предметна настава; 4,6 $m^2$ по ученик површина внатре во училиштето и 15 $m^2$ дворна површина по ученик (според новиот норматив); број на раководен, административен, стручен и технички кадар, како и ред други карактеристики од каде што се тргнува со основната пресметка, која се надополнува со пресметки по коефициентите на променливата и варијабилната компонента. Присутните го истакнаа своето големо задоволство од реализираните обуки, при што укажаа дека при имплементацијата на планот за оптимизација на училишната мрежа, на општините ќе им треба поддршка и голема координација со Министерството за образование и наука во повеќе сегменти: капитални инвестиции, распределба на вишокот наставен кадар, обезбедување соодветен превоз на учениците, особено од непристапните подрачја и слично.

përcaktimin e nivelit të zhvillimit të shkollave. Ata morën informacione për gjendjen e rrjetit shkollor ekzistues në vend, gjegjësisht për numrin e madh të shkollave rajonale në krahasim me ato qendrore dhe analiza të lidhura me përgatitjen e planeve për optimizimin e rrjetit shkollor. Kjo është në drejtim të përmbushjes së qëllimit për realizimin e mësimit vetëm në turnin e parë dhe sigurimin e kushteve dhe qasjes së barabartë për çdo nxënës. Të pranishmit patën mundësinë të merrnin një pamje më të gjerë edhe për gjendjen e stafit mësimor; zvogëlimin e numrit të nxënësve në shumicën e shkollave; për raportin nxënës-mësues dhe të ngjashme. Është përgatitur edhe Doracak për përgatitjen e planit për optimizimin e rrjetit shkollor, i cili në formë elektronike është dërguar te çdo pjesëmarrës në trajnim, ndërsa të pranishmit u informuan se po përgatitet edhe një kalkulator për llogaritjen e shpërndarjes së mjeteve, që duhet të jetë një lehtësim shtesë për komunën. U theksua se deri tani 33 komuna po marrin mbështetje profesionale në realizimin e procesit për përgatitjen e planit të komunës për optimizimin e rrjetit shkollor dhe se në periudhën në vijim, me zbatimin e formulës së re, të gjitha komunat do të ndiejnë nevojën për të përgatitur një plan të tillë.

### Karakteristikat e shkollës standarde

Me rëndësi të veçantë për përfaqësuesit e komunave ishin udhëzimet për karakteristikat e një shkolle standarde, midis të cilave u theksuan: tri paralele në çdo vit shkollor; 20 nxënës për paralel (sipas minimumit ligjor); 1,6 mësues për paralel në mësim klasor dhe 1,91 mësues për paralel në mësim lëndor; 4,6m2 sipërfaqe brenda shkollës për nxënës dhe 15m2 sipërfaqe oborri për nxënës (sipas normativit të ri); numri i stafit udhëheqës, administrativ, profesional dhe teknik si dhe disa karakteristika të tjera nga të cilat fillohet me një llogaritje bazë, e cila plotësohet me llogaritje sipas koeficienteve të ndryshueshëm dhe variabël. Të pranishmit theksuan se kishin një kënaqësi të madhe nga realizimi i trajnimeve, duke theksuar se gjatë zbatimit të planit për optimizimin e rrjetit shkollor, komunave do t'u nevojitet mbështetje dhe koordinim të madh me Ministrinë e Arsimit dhe Shkencës në disa segmente: investime kapitale, shpërndarja e stafit të tepërt mësimor, sigurimi i transportit përkatës për nxënësit, veçanërisht nga zonat e paqasshme dhe të ngjashme.







## ОПШТИНИТЕ ОД ПЕЛАГОНИСКИОТ И ОД ЈУГОЗАПАДНИОТ РЕГИОН ГО ФОРМИРАА МЕЃУОПШТИНСКИОТ ОДБОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД (МОУО)

Градоначалниците на општините од Пелагонискиот и од Југозападниот Регион, на 10 декември 2025 година, во Скопје, со пригодна свеченост, го формираа Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад (МОУО). Ова тело ќе ги обединува двата региона во единствена структура за управување со отпад. Всушност, тоа означува и формално започнување на процесот на воведување модерен и координиран систем за управување со отпад во нашата земја, во согласност со европските стандарди што се усогласени во нашето законодавство.

### Стевче Стевановски, градоначалник на Општина Новаци, избран за прв претседавач на МОУО

На оваа конститутивна седница беше избран и првиот претседавач на МОУО, градоначалникот на Општина Новаци, Стевче Стевановски, со што Одборот стана и целосно административно функционален. Со воспоставувањето на МОУО, општините ќе направат јасен премин од досегашните ад хок и фрагментирани решенија кон стабилен, системски и одржлив пристап. Затоа, воспоставувањето на МОУО претставува важен чекор за понатамошната редовна работа, стратешкото планирање и заедничкото донесување одлуки за сите прашања поврзани со управувањето со отпадот во двата региона. Градоначалниците од двата региона, со овој чин, покажаа високо ниво на единство, одговорност и визија за современи јавни услуги и почиста животна средина, а пред сè потврдија дека регионалната соработка е клучна за развој и обезбедување квалитетен живот за граѓаните.

## KOMUNAT E RAJONIT TË PELLAGONISË DHE TË ATIJ JUGPERËNDIMOR FORMUAN BORDIN NDËRKOMUNAL PËR MENAXHIMIN E MBETURINAVE (BNMM)

Kryetarët e komunave të rajonit të Pellagonisë dhe të atij jugperëndimor, më 10 dhjetor 2025, në Shkup, me një ceremoni të veçantë, formuan Bordin ndërkomunal për menaxhimin e mbeturinave (BNMM). Ky trup do të bashkojë të dy rajonet në një strukturë të vetme për menaxhimin e mbeturinave. Në fakt, kjo shënon gjithashtu fillimin formal të procesit të zbatimit të një sistemi modern dhe të koordinuar për menaxhimin e mbeturinave në vendin tonë, në përputhje me standardet evropiane që janë harmonizuar në legjislacionin tonë.

### Stevçe Stevanovski, kryetari i Komunës së Novacit, u zgjodh për kryetar të parë të BNMM-it

Në këtë seancë konstituive u zgjodh edhe kryesuesi i parë i BNMM-it, kryetari i Komunës së Novacit, Stevçe Stevanovski, me çka Bordi u bë plotësisht funksional në mënyrë administrative. Me krijimin e BNMM-it, komunat do të bëjnë një kalim të qartë nga zgjidhjet e deritanishme ad hoc dhe të fragmentuara në një qasje të qëndrueshme, sistemore dhe të qëndrueshme. Prandaj, krijimi i BNMM-it përfaqëson një hap të rëndësishëm për punën e rregullt të mëtutjeshme, planifikimin strategjik dhe marrjen e vendimeve të përbashkëta për të gjitha çështjet që lidhen me menaxhimin e mbeturinave në të dyja rajonet. Kryetarët e komunave nga të dyja rajonet, me këtë akt, treguan një nivel të lartë uniteti, përgjegjësie dhe vizioni për shërbime bashkëkohore publike dhe një mjedis më të pastër, dhe mbi të gjitha konfirmuan se bashkëpunimi rajonal është thelbësor për zhvillimin dhe sigurimin e një jete cilësore për qytetarët.




На настанот, се обратија Златко Перински, министер за локална самоуправа, Ане Лашкоска, заменик-министерка за животна средина и просторно планирање, Игор Никовски, директор на Управата за животна средина и Лена Фалкон, програмски директор во SALAR International. Извршната директорка на ЗЕЛС Душица Перишиќ, пред присутните, посочи дека планското и стандардизирано управување со отпадот претставува неопходен процес за унапредување на услугите што општините им ги даваат на граѓаните и дека за непречено спроведување на законските одредби од оваа област потребна е силна поддршка на локалната власт, особено во однос на обезбедувањето финансиски средства. Таа рече дека ако имплементацијата на овој проект се покаже како успешна, многу лесно потоа ќе може да се преслика и во другите региони. Перишиќ нагласи дека во интерес на сите граѓани, за да дишат чист воздух и да пијат квалитетна вода, надминати се сите одредени недоразбирања од минатиот период меѓу локалната и централната власт и дека особено кога се работи за проекти од општо значење, неопходна е промена на финансирањето на општините. Притоа, таа го посочи примерот на Шведска, каде што половина од приходите од даноците се враќаат во локалната самоуправа, за разлика од состојбите во нашата земја, каде што во општинските каси се враќаат едвај пет проценти од овие средства. Во таа насока, таа изрази задоволство од досегашната тригодишна соработка со SALAR International, за имплементирањето на активностите во двата плански региона, во рамките на проектот „Одржливо управување со отпад на локално ниво", реализирани во партнерство со ЗЕЛС и со Министерството за локална самоуправа и Министерството за животна средина и просторно планирање. Поддршката од Шведска и Швајцарија беше значајна во целиот процес и даде голем придонес за обезбедување на стабилност, експертиза и кредибилитет во секоја фаза од реформата.

Në ngjarje fjalime mbajtën Zllatko Perinski, Ministër për Vetëqeverisje Lokale, Ane Lashkoska, Zëvendësministre për Mjedisin Jetësor dhe Planifikimin Hapësinor, Igor Nikovski, drejtor i Drejtorisë për Mjedisin Jetësor dhe Lena Falkon, drejtoreshë programi në SALAR International. Drejtoresha ekzekutive e BNJVL-së, Dushica Perishiq, para të pranishmëve, theksoi se menaxhimi planifikues dhe i standardizuar i mbeturinave është një proces i domosdoshëm për përmirësimin e shërbimeve që komunat ua japin qytetarëve dhe se për zbatimin e pandërprerë të dispozitave ligjore në këtë fushë është e nevojshme mbështetje e fortë nga pushteti lokal, veçanërisht në lidhje me sigurimin e mjeteve financiare. Ajo tha se nëse zbatimi i këtij projekti rezulton të jetë i suksesshëm, shumë lehtë mund të kopjohet edhe në rajonet e tjera. Perishiq theksoi se në interes të të gjithë qytetarëve, për të marrë frymë ajër të pastër dhe për të pirë ujë cilësor, janë tejkaluar të gjitha keqkuptimet e caktuara nga periudha e kaluar mes pushtetit lokal dhe atij qendror dhe se sidomos kur bëhet fjalë për projekte me rëndësi të përgjithshme, është e nevojshme të ndryshohet financimi i komunave. Në këtë drejtim, ajo përmendi shembullin e Suedisë, ku gjysma e të ardhurave nga tatimet kthehen në vetëqeverisjen lokale, për dallim nga gjendjet në vendin tonë, ku në arkat komunale kthehen mezi pesë për qind të këtyre mjeteve. Në këtë drejtim, ajo shprehu kënaqësinë për bashkëpunimin e deritanishëm trevjeçar me SALAR International, për zbatimin e aktiviteteve në dy rajonet planifikuese, në kuadër të projektit "Menaxhimi i qëndrueshëm i mbeturinave në nivel lokal", të realizuara në partneritet me BNJVL-në dhe me Ministrinë e Vetëqeverisjes Lokale dhe Ministrinë e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor. Mbështetja nga Suedia dhe Zvicra ishte e rëndësishme në të gjithë procesin dhe dha një kontribut të madh për sigurimin e stabilitetit, ekspertizës dhe kredibilitetit në çdo fazë të reformës.

### Обврски на МОУО

Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад, во согласност со законот, ќе има обврски да: усвојува регионални планови за управување со отпад; одобрува клучни инвестиции во регионалната инфраструктура; координира активности за затворање на постојните депонии и надминување на проблемите со дивите депонии; го надгледува спроведувањето на Регионалниот систем за управување со отпад (РСУО); обезбедува транспарентност и активно вклучување на граѓаните во процесот.

Со воспоставувањето на МОУО, всушност, започнува следната фаза од реформата за управување со отпад, која вклучува пред сѐ изработка на нов регионален план за управување со отпад 2026 – 2032; завршување на процесот за формирање на регионално комунално претпријатие, при што ќе бидат набавени и возила за транспорт на отпад, за потребите на општините; координирање на работата на надлежните институции, но и засилен ангажман за целосно и навремено информирање на јавноста. Овие активности се суштински за воспоставување на целосно оперативен Регионален систем за управување со отпад (РСУО).

### Obligimet e BNMM-it

Bordi ndërkomunal për menaxhimin e mbeturinave, në përputhje me ligjin, do të ketë obligime për të miratuar plane rajonale për menaxhimin e mbeturinave; për të miratuar investime kyçe në infrastrukturën rajonale; për të koordinuar aktivitete për mbylljen e deponive ekzistuese dhe tejkalimin e problemeve me deponitë e egra; për të mbikëqyrur zbatimin e Sistemit Rajonal për Menaxhimin e Mbeturinave (SRMM); për të siguruar transparencë dhe angazhim aktiv të qytetarëve në proces.

Me krijimin e BNMM-it, në fakt, fillon faza e ardhshme e reformës për menaxhimin e mbeturinave, e cila përfshin kryesisht hartimin e një plani të ri rajonal për menaxhimin e mbeturinave 2026 – 2032; përfundimin e procesit për formimin e një ndërmarrjeje komunale rajonale, me ç'rast do të blihen edhe automjete për transportin e mbeturinave, për nevojat e komunave; koordinimin e punës së institucioneve përkatëse, por edhe angazhim të intensifikuar për informimin e plotë dhe me kohë të opinionit. Këto aktivitete janë thelbësore për krijimin e një Sistemi Rajonal për Menaxhimin e Mbeturinave (SRMM) që do të jetë plotësisht operativ.



ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT




**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ**

тел. +389 (0) 2 30 99 033
ул. „Копенхагенска“ бр. 5, п.фах 32, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk

**INFORMACIONE PËR KONTAKT**

tel. +389 (0) 2 30 99 033
rr. Kopenhagenska nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk